РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 09-47-1/14
25.05.2023 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Врз основа на чл.52 ст.1 од Закон за административни службеници („Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Градоначалникот на Општина Валандово, донесе:

**ОДЛУКА**
**за избор по интерен оглас бр.01/2023 за унапредување на административен службеник во администрацијата на Општина Валандово**

**1.** По интерениот оглас бр.01/2023 за унапредување на административен службеник во администрацијата на Општина Валандово, за работното место УПР 01 01 В01 000 - Советник за водење на постапка за јавни набавки во Одделение за финансиски прашања и јавни набавки, **СЕ ИЗБИРА** кандидатот Зорица Пеева.

**2.** Решение за унапредување на избраниот кандидат, ќе се донесе по конечноста на оваа Одлука.

**3.** Оваа Одлука ќе се достави до избраниот кандидат и ќе се објави на интернет страницата на Општина Валандово.

**Образложение**

Врз основа на објавениот интерен оглас бр.01/2023, за унапредување на административни службеници во администрацијата на Општина Валандово, објавен на ден 09.05.2023 година на интернет страниците на Општина Валандово и на Агенцијата за администрација, за работното место УПР 01 01 В01 000 - Советник за водење на постапка за јавни набавки во Одделение за финансиски прашања и јавни набавки, Комисијата за селекција за унапредување, формирана од страна на Градоначалникот на Општина Валандово со Решение број 04-477/8 од 16.05.2023 година, спроведе постапка за административна селекција, за што состави записник бр.04-477/9 од 22.05.2023 година и интервју со утврдениот кандидат, за што е составен записник бр.04-477/12 од 22.05.2023 година.

Врз основа на освоените бодови од административната селекција и освоените бодови од интервјуто, Комисијата за селекција за унапредување изготви Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор.

Имајќи ја во предвид приложената Финална ранг листа и дадениот предлог на кандидат за унапредување, Градоначалникот на Општина Валандово, врз основа на член 52 ст.1 од Закон за административни службеници, одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

**Правна поука:** Против Одлуката може да се поднесе жалба до Агенцијата за Администрација во рок од осум дена од денот на објавување на одлуката на интернет страницата на Општина Валандово.

Доставено до:
- Архива
- Кандидатот

Градоначалник
на Општина Валандово
Перо Костадинов

Изработил: С. Димитров
Контролирал: С.Христова Јовановиќ
Одобрил: М.Чурлинова Јорданова